МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-15 1655/2018 од ______________ година
Скопје 12. 12. 2013

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Министерство за транспорт и врски** се издаваат Условите за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на брана со акумулација "Конско" со придружни објекти (од хидросистемот „Конско"), КО Конско, Општина Гевгелија.**

Вкупната површина на планскиот опфат на Државната урбанистичко-планска документација за изградба на брана со акумулација "Конско" со придружни објекти (од хидросистемот „Конско"), КО Конско, Општина Гевгелија има површина од 116,80ха.

За планскиот опфат на Државната урбанистичко-планска документација за Брана и акумулација „Конско" со придружни објекти ( од хидросистемот „Конско"), КО Конско, општина Гевгелија, има изготвено претходна Државна урбанистичко - планска документација која опфаќа простор од 97,00ха за што веќе се изработени Услови за планирање со број Y19513 и издадено е Решение за услови на планирање на просторот бр.15-10372/4 од 29.11.13 година.

Површината на планскиот опфат за кој се изработуваат новите Услови за планирање на просторот се однесуваат само за делот обележан на приложениот графички прилог, односно само за делот кој не е покриен со предходно издадените погоре Услови за планирање на просторот.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. 19513i** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на брана со акумулација “Конско” со придружни објекти (од хидросистемот „Конско“), КО Конско, Општина Гевгелија**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште и ограничување на трансформација на земјиштето во неземјоделско земјиште.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на брана со акумулација “Конско” со придружни објекти (од хидросистемот „Конско“), КО Конско, Општина Гевгелија,** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина (“Сл.весник на РМ” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерство за транспорт и врски**, врз основа на член 25 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), со постапка бр. 18526 од 26.11.2018 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на брана со акумулација “Конско” со придружни објекти (од хидросистемот „Конско“), КО Конско, Општина Гевгелија.** Вкупната површина на планскиот опфат на Државната урбанистичко-планска документација за изградба на брана со акумулација “Конско” со придружни објекти (од хидросистемот „Конско“), КО Конско, Општина Гевгелија има површина од 116,80ха.

За планскиот опфат на Државната урбанистичко-планска документација за Брана и акумулација „Конско“ со придружни објекти ( од хидросистемот „Конско“), КО Конско, општина Гевгелија, има изготвено претходна Државна урбанистичко - планска документација која опфаќа простор од 97,00ха за што веќе се изработени Услови за планирање со број Y19513 и издадено е Решение за услови на планирање на просторот бр.15-10372/4 од 29.11.13 година.

Површината на планскиот опфат за кој се изработуваат новите Услови за планирање на просторот се однесуваат само за делот обележан на приложениот графички прилог, односно само за делот кој не е покриен со предходно издадените погоре Услови за планирање на просторот.

Согласно член 25 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на брана со акумулација "Конско" со придружни објекти (од хидросистемот „Конско"), КО Конско, Општина Гевгелија** и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1655/2018 од 05.12.2018 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на брана со акумулација "Конско" со придружни објекти (од хидросистемот „Конско"), КО Конско, Општина Гевгелија**, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова **Решение за Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на брана со акумулација "Конско" со придружни објекти (од хидросистемот „Конско"), КО Конско, Општина Гевгелија** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

М И Н И С Т Е Р
Sadulla Duraki

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Д. Марк

Одобрил: Неби Рецепи